С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 2 година XLV

15 февруари 2010

9.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2010 година

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2010 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/1
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр.5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. (61/04, 96/04, 67/07 и 156/09) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општината Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

О Д Л У К А
За измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2010 година

Член 1

Во членот 9 во алинеја втора по зборот „изнесува“, износот 75,30 денари се брише и се заменува со износот 73,85 денари согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2010 година („Сл. весник на Република Македонија“ број 7/10).

Во алинеја трета точката на крајот на реченицата се брише и се додава следниот текст „ и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во општинската администрација на Општина Велес“ број 01-345/1 од 26.01.2010 година.

Член 2

Во член 14 во ставот еден после зборот „изнесува“ износот од 800 денари се брише и се заменува со износот 500 денари согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2010 година („Сл.весник на РМ“ број 156/09).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува за исплатата на плата за месец Јануари 2010 година.

Број 07-611/5
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

10.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање согласност за одржување на тенискиот Davis cup натпревар во Спортската сала „Гемиџии“ - Велес

Се објавува Одлуката за давање согласност за одржување на Davis cup натпревар во Спортската сала „Гемиџии“ - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/2
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес„ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 10.02.2010 година, донесе

ОДЛУКА
за давање согласност за одржување на тенискиот Davis cup натпревар во Спортска сала „Гемиџии“ - Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес дава согласност тенискиот Davis cup натпревар помеѓу репрезентациите на Република Македонија и Република Босна и Херцеговина во организација на Тениската федерација на Македонија, да се одржи во Спортската сала „Гемиџии“ во Велес.

Член 2

Се задолжува ЈПССО „Парк-Спорт“ да ја ослободи Спортската сала „Гемиџии“ за потребите на организаторот на Davis cup-от во периодот од 15 февруари до 15 март 2010 година.

Спортските клубови и рекреативци кои имаат закажано термини за тренинг во објектот во наведениот временски период како и спортските натпревари што треба да се одржат во објектот, раководството на ЈПССО „Парк-Спорт“ да ги пренасочи во другите спортски сали во Велес и да посредува за нивно прифаќање.

Член 3

Финансиските импликации што ќе ги предизвика одржувањето на тенискиот Davis cup натпревар во работата на ЈПССО „Парк-Спорт“, ќе бидат надоместени од Буџетот на Општина Велес – Програма за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2010 година во износ не повисок од 300.000 денари.

Член 4

Посебните односи во организирањето на тенискиот Davis cup натпревар ќе ги регулираат со меѓусебен договор Тениската федерација на Македонија и ЈПССО „Парк-Спорт“.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес”.

Број 07-611/6
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

11.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ„6“, УБ„36“ (2009-2019) – Општина Велес

Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ„6“, УБ„36“ (2009-2019) – Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/3
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05 ,137/07 и 91/09) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 10.02.2010 година донесе

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6", УБ „36" (2009-2019) - општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6", УБ „36" (2009-2019)-општина Велес.

Измената и дополнувањето на ГУП е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.78/06 ,140/07 и 12/09) и Правилник за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ" бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се врши донесување на Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6", УБ „36" (2009-2019)-општина Велес е со површина на урбано подрачје од 16,67ха.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6", УБ „36" (2009-2019)-општина Велес.

Согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје.

Извештај од стручната расправа по нацрт Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6", УБ „36" (2009-2019)-Општина Велес.

Член 4

За Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6", УБ „36" (2009-2019)-општина Велес добиена е Согласност од Министерството за транспорт и врски – Скопје број 16-8098/2 од 20.07.2009 година.

Член 5

Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6", УБ „36" (2009-2019)-општина Велес го потпишува и заверува Претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивот на Општината, еден кај Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски во електронски формат, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Агенција за катастар и недвижности и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6", УБ „36" (2009-2019)-општина Велес го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-611/7
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

12.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/4
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 50-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на РМ”бр.91/09), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес

Член 1

Со оваа одлука се утврдува потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес за уредување и користење на просторот за следните катастарски и градежни парцели:

Р.б.	Р.б. на актот	Катастарска/ градежна парцела	Урбанистички план	Подносител на иницијатива	
1	12	КП 16973	ДУП за дел од подрачјето на МЗ Алексо Демниевски-Бауман за населба Керамидна Велес одлука бр. 08-177/1 од 21.12.1994	Петре Здравков	самоинвестирање
2	13	КП 5894 КО Велес	ГУП за град Велес одлука бр. 0701-2035/2 од 30.05.2006	Пореска Виолета	самоинвестирање
3	14	КП 14232/1 КО Велес	Вон населено место	“БРАКО”	самоинвестирање
4	15	КП 6225 КО Велес	ДУП за МЗ 9-ти Ноември одлука бр. 07-487/6 од 12.05.2000	Славковска Марија	самоинвестирање

Член 2

Одлуката за изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес ќе претставува основ за изработка на урбанистичка документација.

Со урбанистичката документација ќе се врши уредување и користење на просторот со определување на градежна парцела во и вон плански опфат, како и уредување и користење на просторот во рамките на формирана градежна парцела за градби утврдени со закон како градби од трета, четврта и петта категорија , за инвестициски проекти од значење за Општината.

Член 3

По утврдувањето на потребата од изработување на локалната урбанистичка планска документација истата треба со решение да биде одобрена од Градоначалникот по предлог на Комисијата за давање мислење на нацрт урбанистичките планови и доставување на предлог за одобрување на локална урбанистичка планска документација, формирана од Градоначалникот.

Член 4

Средствата за изработка на локална урбанистичка планска документација ќе бидат обезбедени со самоинвестирање.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Велес.

Број 07-611/8
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

13.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за еднократна парична помош на семејствата оштетени од пожар

Се објавува Одлуката за еднократна парична помош на семејствата оштетени од пожар, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/5
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 10.02.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за еднократна парична помош на семејствата оштетени од пожар

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Велес од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2010 година одобрува финасиски средства и тоа:

1. На Зоран Стефанов со место на живеење на ул.„Стојан Јанакиевиќ“ бр.9 од Велес за санирање на штета направена од пожар, се одобрува еднократна парична помош во висина од 18.660,оо денари.
2. На Бејхан Мехмедов со место на живеење на ул „Стојан Јанакиевиќ “ бр.10 од Велес за санирање на штета направена од пожар, се одобрува еднократна парична помош во висина од 32.265,оо денари
3. На Алириза Мехмедов со место на живеење на ул. „Стојан Јанакиевиќ“ бр.10А од Велес за санирање на штета направена од пожар, се одобрува еднократна парична помош во висина од 41.475,оо денари
4. На Златко Арсовски со место на живеење на ул. „Стојан Јанакиевиќ“ бр.9А од Велес за санирање на штета направена од пожар, се одобрува еднократна парична помош во висина од 57.600,оо денари

Член 2

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2010 година, Програма А0 - Совет на Општина Велес – ставка 413 тековни разерви (разновидни расходи), подставка 413110 тековни разерви (разновидни расходи).

Член 3

Оваа Одлука влегува во наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/9
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

.
14.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање право за оттуѓување ствари

Се објавува Одлуката за давање право за оттуѓување ствари (ООУ „Васил Главинов“), што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/6
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес„ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 10.02.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на право за оттуѓување ствари

Член 1

Со оваа одлука на Училишниот одбор на Општинското основно училиште „Васил Главинов“ од Велес му се дава право да спроведе постапка за оттуѓување на движни ствари (61 врати и 759 прозори) по пат на лицитација.

Член 2

Се задолжува Училишниот одбор да формира комисија и утврди почетни цени за спроведување на лицитацијата.

Член 3

Паричните средства добиени од лицитацијата ке бидат средства на училиштето .

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/10
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

15.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање право за оттуѓување ствари

Се објавува Одлуката за давање право за оттуѓување ствари (ОСУ „Јовче Тесличков“), што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/7
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес„ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 10.02.2010 година, донесе

О Д Л У К А
за давање на право за оттуѓување ствари

Член 1

Со оваа одлука на Училишниот одбор на Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“ од Велес му се дава право да спроведе постапка за оттуѓување на движни ствари (3 влезни метални врати-крила, 189 прозорски крила, 146 долги фиксни прозори и 65 мали прозори) по пат на лицитација.

Член 2

Се задолжува Училишниот одбор да формира комисија и утврди почетни цени за спроведување на лицитацијата.

Член 3

Паричните средства добиени од лицитацијата ке бидат средства на училиштето .

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/11
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

.

16.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за учество на Општина Велес во тематската мрежа EUROCERAMICART во рамките на ЕУ програмата „Европа за граѓаните 2007-2013“

Се објавува Одлуката за учество на Општина Велес во тематската мрежа EUROCERAMICART во рамките на ЕУ програмата „Европа за граѓаните 2007-2013“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/15
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 22, став 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр 5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седница одржана на 10.02. 2010 година,

ОДЛУКА
За учество на Општина Велес во тематската мрежа EUROCERAMICART во рамките на ЕУ програмата „Европа за граѓаните 2007-2013“

Член 1

Со оваа одлука, Општина Велес се обврзува во рамките на конкурсот на ЕУ Програмата „Европа за граѓаните 2007-2013“ да ги обезбеди потребните ресурси за учество во програмата.

Член 2

Делегација од Општина Велес (10 лица) ќе учествува на четири (4) средби на млади и граѓани што ќе се одржуваат во Општина Мантамадос на островот Лезвос (Лезбос), Регион на Северен Егеј, Грција.

Член 3

Средбите ќе се одржат во текот на летото 2010, пролетта 2011, летото 2011 и пролетта 2012 за да се воспостави соработка помеѓу граѓаните на Мантамадос и Велес со цел:

-Да разменуваат вештини, достигнувања и грижа за две области што се однесуваат на промоцијата на тематска мрежа за традиционална рачно произведена грнчарија и да ги истражат алатките и политиките на ЕУ во поглед на керамичката уметност.

-Да воспостават долгорочни партнерства помеѓу граѓаните на две земјоделски области на ЕУ.

-Да ги подобрат знаењата и респектот за иницијативите на ЕУ и инструментите кои се однесуваат на социјалниот развој во насока на европска интеграција.

Член 4

Општина Велес се обврзува во текот на средбите да учествува во следните активности:

-Презентации на општините - учесници со цел да се воспостави соработка помеѓу граѓаните.

-Дискусии, презентации и работилници за керамичката уметност (историја, уметнички пристап, доживотно учење, нови технологии, мали бизниси и претприемништво)

-Учество на централен настан за официјално збратимување на градовите врз основа на „прашања за заштита и промоција на традицијата во рамки на евроинтеграциите“.

-Потпишување на договор за збратимување од страна на Градоначалниците и прифаќање на Европската заклетва за збратимување со некои од општините учесници.

-Посети на селата и карактеристичните пејсажи од значење за природата, историјата и културата.

-Покривање на патните трошоци на учесниците.

-Поддршка на Општина Мантамадос во поднесување на предлогот за финансиска поддршка од Европската Унија.

Член 5

Средствата за покривање на патните трошоци на учесниците од Велес ќе се обезбедат од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година, ставка „Организација на меѓународни средби во рамките на евроинтеграциите“.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила по донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/19
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

.

17.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за разрешување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за разрешување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/8
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Од должноста член на Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес се разрешува:

-Борче Пинев – дипломиран правник

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/12
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

18.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за именување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Се објавува Решението за именување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/9
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 26, став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) член 36, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45, од Статотот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

За член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес се именува:

-Александар Илиевски – дипломиран правник

2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/13
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

.

19.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори, трети и четврти квартал за 2009 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори, трети и четврти квартал за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/10
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети и четврти квартал 2009 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети и четврти квартал 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/14
11.02.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

20.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/11
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес

1. Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/15
11.02.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

.
21.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Локален акциски план за родова еднаквост за период 2010 година

Се објавува Заклучокот за донесување Локален акциски план за родова еднаквост за период 2010 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/12.
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Локален акциски план за родова еднаквост за период 2010 година

1. Советот на Општина Велес донесе Локален акциски план за родова еднаквост за период 2010.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/16
11.02.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36,став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

ЛОКАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН

За родова еднаквост за период 2010 година

Општа цел:

Да промовира и поддржува приод кој води сметка за родовата димензија и сензитивност во процесот на донесување одлуки;

Прогрес кон родовата еднаквост во локалната заедница за улогата и учеството во јавниот и политичкиот живот како значаен аспект за развој на граѓанско општество;

Создавање на институционални услови за промоција и развивање на правата на жените, како и нивно вклучување во активностите за развој на општината во сите сфери од општествениот живот.

Конкретни цели:

- Градење стратегија за зголемување на влијанието во однос на позицијата на жените и родовата еднаквост

-Поместувања во разбирањето на проблемот

-Промена на нееднаквостите меѓу мажите и жените во социјалните структури и процесите преку промени во:

- ресурсите,
- можностите и
- одлучувањето

Задачи:

Вклучување на родовата перспектива во процесот на проценување на импликации за жените и мажите на секоја планирана акција, вклучувајќи ја легислативата, политиките и програмите, во секоја област и на сите нивоа во локалната заедница.

Припадниците на обата пола да стануваат интегрален дел од дизајнот, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите на сите политички, економски и социјални сфери.

АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМ

Проблем	Клучни актери	Фактори на ризик			
		Родови релации	Здравство	Образование	Моќ/Влијание
Ниско ниво на свест за родовиот концепт кај младата популација (12 - 17 години)	Училишта, Комисија, педагошко-психолошка служба, стручни лица	В	С-Н	В	В
Ниска застапеност на женски деца од етничките заедници и руралните средини во средните училишта	Комисија, МОН, училишта, Општина, МВР-СВР-Велес	В	С	В	В
Злоупотреба на работничките права	МТСП, инспекциски служби, Комисија, бизнис сектор,синдикат,медиуми	В	В	С	В

Табела со цели, задачи и показатели

ПРОБЛЕМ	ЦЕЛИ	ЗАДАЧИ	ПОКАЗАТЕЛИ
Ниско ниво на свест за родовиот концепт кај младата популација (12-17год)	- подигање на свеста кај младата популација за родовиот концепт	- одредување на нивото на познавање на родовиот концепт кај младата популација - да се едуцираат учениците од 12 – 17 години за родовиот концепт	- резултати од анкета
Ниска застапеност на женски деца од етничките заедници и руралните средини во средните училишта	- зголемување на бројот на женски деца од етничките заедници и руралните средини во средните училишта - подигање на свеста кај етничките заедници и населението од руралните средини за значењето на образование то	- определување точен број на запишани ученички во средно образование - да се едуцираат родителите за потребата од продолжување на школувањето на нивните ќерки - да се запознаат родителите за последиците од законската регулатива	- зголемен број на запишани ученички во следната учебна година - број на реализирани средби со родители
Злоупотреба на работничките права	- подигање на свеста на работниците за нивните права - почитување на законската регулатива	- да се едуцираат работниците за нивните права што произлегуваат од Законот за работни односи	- зголемен број на осигуреници - користење на годишен одмор - зголемен број на кривични пријави против

ПЛАН ЗА АКЦИЈА
ПРОБЛЕМ: Ниско ниво на свест кај младата популација (12 - 17 години) за РОДОВИОТ концепт

Активност	Кога (време)	Со што (потребни ресурси, човечки и технички)	Кој (одговорно лице)	Буџет (37.000.00 ден.)
спроведување на анкета за одредување на нивото на познавање на родовиот концепт (подготовка, спроведување на анкета, анализа на резултати од анкетата)	февруари 2010	- стручно лице кое ќе го подготви анкетниот лист; - лица за спроведување и анализа на податоците и резултатите од анкетата; - хартија, компјутер, принтер, фотокопир	Членови на комисијата Координаторка за еднакви можности	/
Трибина за ученици во основното образование	март 2010	- сала - покани - предавачи - модератор - медиум - ЛЦДпроектор компјутер	координаторка на комисијата	1000.00
подготовка и дистрибуција на флаери	март-2010	-стручно лице -членови на комисија -ученици -компјутер -изработка на флаерите	претседател на Комисијата	10000.00
работилници во средни училишта во градот	март-април 2010	- стручни лица - фломастери - ЛЦД проектор - компјутер - тетратки - хамери	координатор на комисијата членови на комисијата директори на општински средни училишта едукатори	16.000.00

Мониторинг и евалуација : -
Доставување извештај за спроведените активности на Комисијата на седница на Совет

ПРОБЛЕМ:
Ниска застапеност на женските деца од етничките заедници и руралните средини во средните училишта во градот

Активност	Кога (време)	Со што (потребни ресурси, човечки и технички)	Кој (одговорно лице)	Буџет (10.000.00 ден.)
собирање податоци за бројот на завршени женски деца во учебната 2008/09 год. и запишани женски деца во прва година во средните училишта во учебната 2009/10 год. припаднички на етничките заедници и од руралните средини	март 2010	-педагошко - психолошки служби и директори во основни и средни училишта - op{tinski inspektor za obrazovanie	-координатор -инспектор за образование	/
средби со родителите на осмооделенките, претставници на урбаните заедници, наставниците, верските заедници	април - мај 2010	-превоз -плакати -стручни лица од МОН -членови на комисијата и координатор -простор	-координатор на комисијата - членови на КЕМ	10.000.00 ден.
собирање податоци за бројот на запишани ученички припаднички на етничките заедници и од руралните средини во учебната 2010/11год.	октомври 2010	педагошко - психолошки служби и директори во основни и средни училишта	-координатор -инспектор за образование	/

Мониторинг и евалуација :
- Доставување извештај за спроведените активности на Комисијата на седница на Совет

ПРОБЛЕМ: Злоупотреба на работничките права

Активност	Кога (време)	Со што (потребни ресурси, човечки и технички)	Кој (одговорно лице)	Буџет (53.000.00 ден. вкупно)
кампања (брошури, флаери, реклами на ТВ и радио, анкета, дебатна емисија, трибина)	мај - декември 2010	- анкетни листови - плакати - медиуми - волонтери - компјутери	- координатор - 1 член на комисијата	53.000 ден.
средби со пазарна и трудова инспекција синдикат	мај, декември 2010	- простор - инспектори - членови на комисијата - членови на синдикат	- Координатор - членови на комисијата	/

Мониторинг и евалуација :
-Доставување извештај за спроведените активности на Комисијата на седница на Совет

Број 07-611/16
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

.22.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Листа за дополнување на листата на информации од јавен карактер

Се објавува Заклучокот за донесување Листа за дополнување на листата на информации од јавен карактер, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/13
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Листа за дополнување на листата на информации од јавен карактер во Општина Велес

1.Советот на Општина Велес донесе Листа за дополнување на листата на информации од јавен карактер во Општина Велес.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/17
11.02.2010 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ бр. 13/2006),член 5 од Законот за изменување и дополнување на законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр. 6/10) и член 55, став 4 до Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

ЛИСТА
за изменување и дополнување на Листата на информации од јавен карактер во Општина Велес

Член 1

Во Листата на информации од јавен карактер во Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.16 /06), се врши изменување и дополнување:

-во точка 3 став 1, алинеа 6 после зборот „образованието“ се додава зборот „културата“.

-Алинеа 7 се брише.

-Алинеа 8 се брише.

Член 4

Точка 3, став 2, текстот во алинеа 9 се брише и гласи „Стратешки документи, планови, програми, акти и информации од областа на локалниот економски развој и информатичката технологија“.

Член 5

Во став 3 текстот се брише и гласи:

„Информации за работата на одделенијата под директна надлежност на Градоначалникот

-Информации за работата на Одделението за инспекциски надзор

-Информации за работата на Одделението за внатрешна ревизија

-Информации за работата на Одделението за човечки ресурси

-Информации за работата на Територијалната противпожарна единица-Велес“.

Член 6

После став 3 се воведува нов став 4 кој гласи:

„Информации поврзани со системот за управување со квалитет“

-Карти на услуги со информации за постапките и контакти на одговорните службеници

-Соопштенија за јавност

-Информации за резултатите од мерењата на степенот на задоволство на граѓаните

.-Годишни извештаи (Извештаи за изведбата) на Општина Велес“.

Член 7

Оваа Листа влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-611/17
11.02.2010 годидна
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

23.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 10.02.2010 година.

Број 08-670/14
15.02.2010 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Горан Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 10.02.2010 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување на Информација за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-611/18
11.02.2010 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Бр на акт **Страница**

9	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2010 година** **О Д Л У К А За измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2010 година**	10
10	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање согласност за одржување тенискиот Davis cup натпревар во Спортската сала „Гемиции“ - Велес** **ОДЛУКА за давање согласност за одржување на тенискиот Davis cup натпревар во Спортска сала „Гемиции“ - Велес**	10
11	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ„6“,УБ„36“ (2009-2019) – Општина Велес** **ОДЛУКА за изменување и дополнување на Генерален урбанистички план на град Велес, дел од УЕ „6”, УБ „36” (2009-2019) - општина Велес**	10
12	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на потребата од изработка на локални урбанистички плански документации на територијата на Општина Велес**	12
13	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за еднократна парична помош на семејствата оштетени од пожар** **О Д Л У К А за еднократна парична помош на семејствата оштетени од пожар**	14
14	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање право за оттуѓување ствари** **О Д Л У К А за давање на право за оттуѓување ствари**	15
15	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за давање право за оттуѓување ствари** **О Д Л У К А за давање на право за оттуѓување ствари**	15
16	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за учество на Општина Велес во тематската мрежа EUROCERAMICART во рамките на ЕУ програмата „Европа за граѓаните 2007-2013“**	16

Бр на акт **Страница**

ОДЛУКА За учество на Општина Велес во тематската мрежа EUROCERAMICART во рамките на ЕУ програмата „Европа за граѓаните 2007-2013“

17 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за разрешување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес** **17**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

18 **З А К Л У Ч О К за објавување на Решение за именување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес** **17**

Р Е Ш Е Н И Е за именување член во Одборот за контрола на материјалното и финансиско работење на ЈКП „Дервен“ Велес

19 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори, трети и четврти квартал за 2009 година** **18**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за први, втори и трети и четврти квартал 2009 година

20 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес** **18**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес

21 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Локален акциски план за родова еднаквост за период 2010 година** **19**

З А К Л У Ч О К за донесување Локален акциски план за родова еднаквост за период 2010 година

22 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Листа за дополнување на листата на информации од јавен карактер** **25**

З А К Л У Ч О К за донесување Листа за дополнување на листата на информации од јавен карактер во Општина Велес

Бр на акт **Страница**

ЛИСТА за изменување и дополнување на Листата на информации од јавен карактер во Општина Велес

23 **З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информација за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво** **26**

З А К Л У Ч О К за разгледување на Информација за имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија на локално и регионално ниво

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00